Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-6193/5
02.09.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 03.09.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 297/3 | 0 | |

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24, 124/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 1 септември 2026 година, дава

Р Е Ш Е Н И Е
за почеток со работа на студиската програма „Кривично право“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма „Кривично право“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр. 08-484/7 од 21.1.2026 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Правен факултетот, при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово, достави Барање бр. 03-297/2 од 27.1.2026 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 10-209/1 од 28.1.2026 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма „Кривично право“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 10-209/2 од 23.2.2026 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова Решение.

Комисијата на 2.3.2026 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 10-209/3 од 13.5.2026 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма „Кривично право“ од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25, Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 01.09.2026 18:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=9af75454-744a-426e-8ccf-1b43bc2ba175&materialId=e408d781-8271-4ee7-85b0-8a25950dd5bc** |

*...ронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

[1] 03-297/3 [2026]

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.09.02 11:21:56 +02:00

Подготвил: Марија Арсова, 01.09.2026
Проверил: Никола Пасков, 01.09.2026
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 01.09.2026
Согласен: Снежана Маркова Пендовски, 01.09.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.09.02 10:51:54 +02:00


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 01.09.2026 18:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=9af75454-744a-426e-8ccf-1b43bc2ba175&materialId=e408d781-8271-4ee7-85b0-8a25950dd5bc** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*